## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ПРАКТИКУМ ПО МЕЃУНАРОДНО ЈАВНО ПРАВО” ОД ДОЦЕНТ Д-Р ДЕЈАН МАРОЛОВ, ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1102-113/42 од 164. редовна седница на Наставно-научниот совет на Правен факултет, одржана на 29.8.2018 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Јован Ананиев – редовен професор на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,
- доц. д-р Ана Никодиновска-Крстевска – доцент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**ПРАКТИКУМ ПО МЕЃУНАРОДНО ЈАВНО ПРАВО**” од авторот доцент д-р Дејан Маролов, наменет за студентите на прв циклус студии на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот Комисијата до Наставно-научниот совет на Правен факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот **„ПРАКТИКУМОТ ПО МЕЃУНАРОДНО ЈАВНО ПРАВО“** е од областа на меѓународното јавно право и е составен од девет глави сочинети од текстови и задачи кои содејствуваат со предвидените тематски единици. Основниот текст на скриптата содржи поглавја коишто во целост кореспондираат со Наставниот план и програма на Правниот факултет на насоките на кои се изучува предметот Меѓународно јавно право. Предметот Меѓународно јавно право за којшто е наменет практикумот се слуша на сите насоки во втора година, во трет семестар на Правен факултет, со неделен фонд од 2+2+1, со 6 кредити.

**Податоци за обемот на ракописот:** Практикумот се состои од 94 страници лекториран текст, пишуван во Arial, големина 11, без проред. Практикумот има 59 фусноти, како и 13 библиографски единици вклучително. Текстот според обемот, како и според содржината, ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Практикум по предметот Меѓународно јавно право е објавен во 2013 год. на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип од истиот автор. Овој практикум е веќе застарен и се наметна потреба од изработка на нов проширен и надграден практикум во рамките на соодветната Наставната програма.

**Краток опис на содржината:** Во првиот дел од овој практикум е сместен текстот насловен како *Мелоскиот дијалог*. Станува збор за преземен текст и за првпат преведен на македонски јазик. Преку анализа на овој текст студентите за време на вежбите ќе можат практично да се запознаат со меѓународниот систем и начинот на којшто истиот функционира. Преку поставената задача ќе можат да се извадат соодветни заклучоци и за улогата на силата во меѓународните односи наспроти моралот и правото. Во овој контекст студентите ќе имаат можност да ги анализираат и причините кои довеле до употреба на сила, како и за влијанието и можната улога на трета страна.

Во вториот дел од практикумот е наведен текстот насловен како *Играње на играта признавање: надворешни актери и де факто држави*. Преку анализа на овој текст и преку поставената задача ќе можат да се извадат соодветни заклучоци за начинот на

признавање и непризнавање на нови држави, особено во специфични случаи видено преку призмата на двете најпознати теории во меѓународното право, односно конститутивната и декларативната теорија за признавање на држави.

Третиот дел од овој практикум е насловен како *Избрани текстови за признавање на влада* и се состои од два избрани новинарски текста за два конкретни настани. Дополнително се приложени и официјалните ставови на конкретни држави по однос на наведените настани. Станува збор за текстот насловен како *Арапската лига ја призна либиската Влада за национално единство* (случај бр.1) и *Воен удар: генералите на Египет го соборуваат Морси* (случај бр.2). За време на вежбите студентите ќе имаат задача да ги анализираат двата текста наведени погоре од аспект на признавањето/непризнавањето на владите од страна на влади на други држави или пак меѓународни организации. Студентите ќе ги анализираат секоја од позициите на наведените држави врз база на дадените информации и ќе треба да ги одбранат нивните ставови користејќи се со Естрадовата, Тобаровата и/или Стимсоновата доктрина.

Во четвртиот дел од овој практикум е наведен текстот со наслов *Реформирање на ООН – ќе успее ли организацијата да ја сочува својата улога?* Преку анализа на овој текст, студентите ќе треба да извлечат соодветни заклучоци за улогата на ОН во современиот меѓународен политички и правен систем, како и потребата од реформи на Светската организација, особено во Советот за безбедност како клучен орган за одржување на мирот во светот.

Во петтиот, шестиот и седмиот дел од овој практикум се поместени билатералните спогодби на Република Македонија со дел од своите соседи. Имено, станува збор за *Заедничка декларација помеѓу Република Бугарија и Република Македонија*,*Договор за пријателство, добрососедство и соработка меѓу Република Македонија и Република Бугарија* и *Времената спогодба со Република Грција*. Преку анализа на формата и видот на претходниве меѓународни спогодби ќе се овозможи практичен увид врз меѓународното договорно право, односно меѓународните договори како извор на меѓународното право склучени од субјекти на меѓународното право и соодветни органи надлежни за одржување на надворешните односи. Дополнително се дава увид и во надворешната политика на Република Македонија.

Во осмиот дел од овој практикум во целост е наведена *Пресудата од 5.12.2011 год. на Меѓународниот суд на правдата* во случајот на Република Македонија против Грција, а во врска со Времената спогодба од 1995 год. Преку анализа на оваа пресуда студените ќе добијат претстава како конкретно изгледа една пресуда од Меѓународниот суд како еден од начините за мирно и правно решавање на споровите, но и ќе се отвори можност за дискусија за лимитот на функционирањето и ефектуирањето на меѓународната правда.

Во деветтиот и последен дел од овој практикум е сместен приказ на кој јасно се прикажани морските појаси и до каде се протегаат, а соодветно на нив и до каде е суверенитетот на крајбрежната држава, што пак ќе им послужи на студентите за подобро разбирање и визуализирање на материјалот предвиден во делот на наставната материја за меѓународно право на морето.

## ЗАКЛУЧОК

Материјалот анализиран и елабориран во „ПРАКТИКУМОТ ПО ПРЕДМЕТОТ МЕЃУНАРОДНО ЈАВНО ПРАВО“ во целост ги задоволува потребите на Наставниот план и програма за предметот Меѓународно јавно право. Според начинот на елаборирање на материјата, ова учебно помагало ги исполнува сите стандарди на практикум, поради што сметаме дека ќе им биде од голема корист на студентите на Правен факултет во совладувањето на предметот Меѓународно јавно право. Авторот успеал на сумарен и прецизен начин преку наведување на соодветни текстови, примери и задачи да ја презентира материјата и од еден попрактичен аспект.

Земајќи го сето ова предвид, на мислење сме дека овој материјал ги исполнува сите стандарди на „**ПРАКТИКУМ ПО ПРЕДМЕТОТ МЕЃУНАРОДНО ЈАВНО ПРАВО**“ предвиден според програмата за студентите во втора година на Правен факултет.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Јован Ананиев, редовен професор, с.р.**
**Д-р Ана Никодиновска-Крстевска, доцент, с.р.**